ADING

Русија
Бугарија
Србија
Казахстан
Македонија
Грција
Хрватска
Украина
Црна Гора
Романија
Унгарија
Албанија
БиХ
Иран

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

# 2008





# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

# 2008



# СОДРЖИНА


| | |
|---|---|
| ОПШТИ ПОДАТОЦИ | 4 |
| ЧЛЕНОВИ НА УПРАВЕН ОДБОР | 5 |
| ПИСМО ДО АКЦИОНЕРИТЕ | 6-9 |
| ИЗВЕШТАЈ ОД НАДЗОРЕН ОДБОР | 10-11 |
| ПОДРУЖНИЦИ, ФИЛИЈАЛИ И ПОВРЗАНИ ДРУШТВА | 12-13 |
| ОРГАНИ НА УПРАВУВАЊЕ | 14 |
| ПОДАТОЦИ ЗА КАПИТАЛОТ И АКЦИОНЕРИТЕ | 15 |
| ФИНАНСИСКИ ПОДАТОЦИ | 16 |
| ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИТЕ РЕВИЗОРИ | 17 |
| БИЛАНС НА СОСТОЈБА | 18-19 |
| БИЛАНС НА УСПЕХ | 20 |
| ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИТЕ ВО КАПИТАЛОТ | 21 |
| ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИТЕ ТЕКОВИ | 22 |
| КОНСОЛИДИРАН ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИТЕ РЕВИЗОРИ | 23 |
| КОНСОЛИДИРАН БИЛАНС НА СОСТОЈБА | 24-26 |
| КОНСОЛИДИРАН БИЛАНС НА УСПЕХ | 27 |
| КОНСОЛИДИРАН ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИТЕ ВО КАПИТАЛОТ | 28 |
| КОНСОЛИДИРАН ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИТЕ ТЕКОВИ | 29 |
| ПОКАЗАТЕЛИ НА ПРОФИТАБИЛНОСТ | 30 |
| ПРОИЗВОДСТВО НАТУРАЛНО | 31 |
| ПРОДАЖБА НА ГОТОВ ПРОИЗВОД | 32 |
| СТРУКТУРА НА ИЗВОЗОТ | 33 |
| РЕАЛИЗИРАНА ПРОДАЖБА ВО 2008 | 34 |
| ПЛАН НА ПРОДАЖБА ЗА 2009 | 35 |
| СЕРТИФИКАТ ISO-9001:2000 | 36 |
| СЕРТИФИКАТ ISO-14001:2004 | 37 |
| КОРПОРАТИВНА ОПШТЕСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ | 38 |

# ОПШТИ ПОДАТОЦИ

| | |
|---|---|
| Назив на друштвото | **Деловен систем АДИНГ АД за производство, примена и пласман на хемиски материјали за градежништво и инженеринг-работи Скопје**<br><br>**скратен назив АДИНГ АД СКОПЈЕ** |
| Седиште и адреса | **Новоселски пат бб, 1000 Скопје** |
| Телефон и факс | **02/20 34 800; 02/20 34 815** |
| Адреса на електронската пошта | **ading@t-home.mk** |
| Адреса на интернет-страницата | **www.ading.com.mk** |
| Матичен број | **4025880** |
| Шифра на дејност | **20.59** |
| Опис на дејностите (претежна дејност) | **Производство на адитиви и други хемиски материјали за градежништво** |
| Број на Решение од Централниот регистар | **4-02001094-000-03** |
| Датум на основање (ден, месец и година) | **30.05.1969** |
| Број на вработени на крајот на годината | **96** |
| Систем на управување | **двостепен** |

| | |
|---|---|
| Сметка/и (трансакциона/и) на АД и назив на институцијата која ја води | **300000000239626, Комерцијална банка АД Скопје** |
| Сметка/и (трансакциона/и) на АД и назив на институцијата која ја води | **210042058800143, Тутунска банка** |

# ЧЛЕНОВИ НА УПРАВЕН ОДБОР



**Дончев Благоја**
Претседател на Управен одбор и
Генерален директор на друштвото
Дипл. град. инж.



**Филипоски Петре**
Заменик претседател на Управен одбор и
заменик генерален директор
Дипл. инж. техн.

**Петровски Зоран**
Член на Управен одбор и
заменик генерален директор
дипл. инж. арх.





**Каратуков Дончо**
Член на Управен одбор и
заменик генерален директор
дипл. инж. арх.

**Каранфилов Љубчо**
Член на Управен одбор и
Управител на Инвест-А ДООЕЛ Скопје
дипл. ел. инж.





## ПИСМО ДО АКЦИОНЕРИТЕ
## Оценка за работењето во 2008 година

Ако резултатите во 2007 година ги оценивме како многу добри, а во 2008 година тоа го повторивме, можеме со задоволство да кажеме дека годината ја завршивме успешно. Успешноста на работењето на АДИНГ станува очекуван резултат за една стабилна компанија која е препознатлив бренд во Југоисточна Европа и пошироко.

### Што планиравме и што реализиравме

*Реализација и профит*

- Најамбициозниот план во историјата на АДИНГ не беше можно да се рализира според планираното главно од две причини:
  - ние први ја почувствувавме финансиската криза уште во почетокот на 2008 година во далечниот Казахстан каде градежништвото прво колабираше и
  - пролонгирањето на големите проекти во Хрватска за наредните години.
- Желбата да се надминеме себеси не ни успеа, но ја надминавме успешната 2007 година што ни дава за право да бидеме задоволни. Завршивме со реализација од **5.981.077 ЕВРА** од што продажбата на домашниот и на странскиот пазар е за **4%** поголема од 2007 година. Од вкупниот пласман на АДИНГ-овите производи во Македонија се продадени 31%, а 69% во Хрватска, Бугарија, Русија, Србија, Казахстан, Црна Гора, Косово, Украина, Романија, БиХ, Албанија.
- Добивката по оданочување е **378.163 ЕВРА** или **6,90%** што е за **1,28%** поголема од 2007 година кога таа изнесуваше 340.976 ЕВРА или 5,62%

*Наплата и задолженост*

- Наплатата на домашниот пазар се стабилизира и е во граници на планираните услови за продажба.
- Наплатата од извозот е со големо доцнење особено од одделни земји како Казахстан (најголем должник) Романија, Украина и БиХ, додека од Бугарија, Русија, Хрватска, Србија и Албанија е задоволителна, а од Црна Гора и Косово најдобра.
- Доцнењето на наплатата, зголемениот извоз, потребните залихи и инвестициите, а во недостиг на сопствени финансиски средства, ја зголемуваат задолженоста на фирмата, но таа ги следи нашите можности со неизбежните зголемени трошоци во вид на поголеми банкарски камати и провизии.



# ПИСМО ДО АКЦИОНЕРИТЕ

*Инвестициони вложувања*

**Во Македонија**

- Довршување на објектот Деловен Центар АДИНГ .................. 372.000 ЕВРА (вкупна инвестиција 997.962 ЕВРА)
- Објекти во кругот на АДИНГ (магацини, хали, управна зграда, ограда и др.).................................................... 118.000 ЕВРА
- Опрема во производство и лабораторија и пат. возила ........... 153.000 ЕВРА
- Софтвер за интегрално поврзување ......................................... 50.000 ЕВРА

**вкупно 693.000 ЕВРА**

**Во Бугарија**

- Производствен погон во Перник ................................................ 265.000 ЕВРА (Вкупна инвестиција 350.000 ЕВРА)

***или вкупно инвестиции во 2008 година 958.000 ЕВРА***

*Плати и стимулации*

- Просечната плата во АДИНГ за 2008 година е 18.575 ден или 302 ЕУР и таа се исплатува редовно со сите придонеси на 25-ти во месецот.
- Сите вработени добиваат топол оброк, превоз и годишен регрес.
- Стимулациите се регулирани преку менаџерските договори кои ги има вкупно 22 во фирмата.

*Организациони и кадровски промени*

- Организационата шема од претходната година успешно функционира.
- Поважна кадровска промена е направена со назначување на Пом.ген.директор во АДИНГ задолжен за работењето на БЦА и ИНВЕСТ А и назначен е нов Управител на БЦА како и технички раководител на ИНВЕСТ А.

## Акции и движење на истите

Акциите во 2008 година котираа на Македонската берза за долгорочни хартии од вредност на пазарот за јавно поседувани друштва, обични акции – нивната цена се движеше од 1500 ден. во јануари 2008 година до 451 ден. во декември 2008 година. Тоа е многу голем пад, како последица на колапсот на берзите во светот и почеток на големата финансиска криза која го најави својот почеток за наредната година. Некоја поголема промена во структурата на акционерите не се случи освен со релативно мали тргувања помеѓу акционерите.
АДИНГ откупи 1226 свои акции по просечна цена од 546 ден. со вкупен износ од 669.773 ден.
**На 31.12.2008 година АДИНГ има 3.342 сопствени акции**



# ПИСМО ДО АКЦИОНЕРИТЕ

**Оценка за поврзаните друштва**

Оценката на Управниот одбор е дека сите поврзани друштва во Деловниот систем АДИНГво 2008 година покажаа позитивни финансиски резултати. Консолидираниот биланс ги покажува тие резултати кои се подобри од претходната 2007 година.

**Како почнавме во 2009 година**

Почетокот на 2009 година започна со навестената светска финансиска криза која АДИНГ не може да ја избегне. Планот кој во 2009 година е реален за нормални пазарни услови во првите три месеци тешко се остварува. Освен во Македонија, Хрватска, Русија, Косово, Украина, Црна Гора и БиХ каде тешко и со многу проблеми се остваруваат планираните пласмани во другите земји, остварувањето е проблематично, пред се во Србија, Бугарија и Казахстан како наши големи пазари како и во Романија и Украина.
Очекуваме оваа година да биде многу тешка и ќе треба да ја „преживееме” кризата со надеж дека јубилејната 2009 година, кога АДИНГ слави 40 години од своето постоење, ќе ја завршиме позитивно.
Нашата движечка сила **„сме и ќе бидеме состојка на секоја градба” е гаранција дека во тоа ќе успееме**.

**Претседател на Управен Одбор и
Ген. директор**

Б. Дончев дипл.град.инж.

Април 2009 год.



# ИЗВЕШТАЈ ОД НАДЗОРЕН ОДБОР

**И З В Е Ш Т А Ј**

За работата на Надзорниот одбор за 2008 год.

Надзорниот одбор на АДИНГ АД - Скопје согласно деловникот за работа во текот на 2008 година одржа 12 редовни седници.

Присуството на членовите на Надзорниот одбор, како и на Претседателот на Управниот одбор беше редовно, освен две оправдани отсутства на еден член на Надзорниот одбор поради службен пат.

Согласно деловникот за работа на Надзорниот одбор и Статутот за работа на АДИНГ АД, Надзорниот одбор работењето на Деловниот систем АДИНГ АД го следеше преку разгледување на извештаите за работењето на АДИНГ АД и поврзаните друштва добиени од Управниот одбор.

Надзорниот одбор во текот на своето работење во 2008 година донесе вкупно 31 одлука кои се донесени како резултат на разгледување на материјалите добиени од Управниот одбор за остварување на плановите односно реализацијата, трошоците, наплатата, месечните и периодичните пресметки и слично. Исто така, донесени се и повеќе Заклчоци кои како задолженија преку Управниот одбор се доставени до соодветните стручни служби.

Разгледувајќи го работењето на Деловниот систем АДИНГ АД во 2008 година, Надзорниот одбор го оцени како успешно. Зацртаните финансиски и стратешки цели од страна на Управниот одбор во Бизнис плановите се реализирани согласно предвидените планови и динамиката.

Во изминатиот период т.е. деловната 2008 година оценета како успешна може да се потврди со постигнатите резултати меѓу кои можат како најкарактеристични да се наведат следните:

- Во АДИНГ вкупната продажба на готовиот производ на домашниот и на странскиот пазар во споредба со 2007 година е поголем за 4% и изнесува 5.981.077 ЕУР.
- Бруто добивката пред оданочување е 435.762 ЕУР или 8,55% од вкупниот приход, а во 2007 година изнесуваше 7,23%.
- Воведувањето на интегрираниот систем за целокупното работење на Деловниот систем АДИНГ АД е во тек на реализација и се очекува во 2009 година да биде реализиран целосно.
- Спроведена е ресертификација на системот за менаџмент за животна средина согласно ISO стандардите 14001-2004 со важност на сертификатот до 15 март 2012 година.
- Ресертификација на системот за менаџмент со квалитет согласно ISO стандардите 9001-2000 треба да биде извршена на крајот на април 2009 година.

# ИЗВЕШТАЈ ОД НАДЗОРЕН ОДБОР

- Завршени се следните инвестиции :

Изградба и ставање на користење на деловниот центар БЦА; санација и адаптација на гардеробите, санитарните јазли и купатилата во подрумскиот дел на управната зграда во АДИНГ и др.

Надзорниот одбор и во 2009 година до завршувањето на мандатот продолжи да го следи работењето на Деловниот систем АДИНГ АД преку разгледување на извештаите за работењето на АДИНГ и поврзаните друштва добиени од Управниот одбор согласно зацртаните цели и планови од Бизнис плановите за 2009 година.

Април 2009

- Скопје

**Претседател на Надзорен одбор**

Б.Мојсовски дипл.град.инж.

# ПОДРУЖНИЦИ, ФИЛИЈАЛИ И ПОВРЗАНИ ДРУШТВА



| **ИНВЕСТ А** | Друштво за инвестициони работи, проектирање, консалтинг и инженеринг ИНВЕСТ А, ДООЕЛ, Скопје, ул. Кузман Шапкарев бр.5, Ѓорче Петров |
|---|---|
| ЕМБС | 5505925 |
| Дејност | 45.21/1 Подигање на згради (високоградба) |
| Учество на АДИНГ АД | 100 % |
| Управител | Каранфилов Љубчо |

| **БИЗНИС ЦЕНТАР АДИНГ** | БИЗНИС ЦЕНТАР - АДИНГ ДООЕЛ друштво за производство , инженеринг и трговија Скопје, ул. Кузман Шапкарев бр.5, Ѓорче Петров |
|---|---|
| ЕМБС | 4221290 |
| Дејност | 26.61/0 Производство на производи од бетон за градежни цели |
| Учество на АДИНГ АД | 100 % |
| Управител | Николов Драган |

| **БИРО ПРОЕКТ** | Друштво за проектирање и консалтинг БИРО ПРОЕКТ ДОО Скопје, ул.Васил Ѓоргов бр.21/1-8 Скопје - Центар |
|---|---|
| ЕМБС | 05735904 |
| Дејност | 74.20/2 Проектирање |
| Учество на АДИНГ АД | 55 % |
| Управител | Стојановски Боро |

| **Л.А.ХЕМИЈА** | Друштво за промет на хемикалии Л.А.ХЕМИЈА Луфакис и Адинг ДОО Скопје, ул. Новоселски пат бб, Ѓорче Петров, Скопје |
|---|---|
| ЕМБС | 5547253 |
| Дејност | 51.55/0 Трговија на големо со хемиски производи |
| Учество на АДИНГ АД | 40 % |
| Управител | Вукобрат Предраг |

| **ГРАДИТЕЛ АДИНГ** | Друштво за трговија и услуги ГРАДИТЕЛ - АДИНГ ДОО Скопје<br>ул..Новоселски пат бб, Ѓ. Петров |
|---|---|
| ЕМБС | 6067280 |
| Дејност | 51.62 Трговија на големо со градежни машини |
| Учество на АДИНГ АД | 49 % преку БЦА |
| Управител | Чедомир Миленковиќ<br>Дончо Каратуков |



# ПОДРУЖНИЦИ, ФИЛИЈАЛИ И ПОВРЗАНИ ДРУШТВА

| | |
|---|---|
| **АДИНГ -БЕЛГРАД** | Претпријатие за примена и пласман на хемиски производи во градежништвото "АДИНГ" д.о.о. Белград, Србија, ул.Нехруова бр.82 |
| Дејност | Трговија на големо со хемиски производи |
| Учество на АДИНГ АД | 100 % |
| Управител | Ѓуровиќ Зоран |

| | |
|---|---|
| **АДИНГ ХЕЛЛАС** | Производствено и трговско акционерско друштво за градежни материјали со скратен назив АДИНГ ХЕЛЛАС А.В.Е.Е.<br>Општина Ехедору - Солун, Индустриска област Синду П.Фах 6 |
| Дејност | Производство и трговија на градежни материјали |
| Учество на АДИНГ АД | 40 % (неактивно) |
| Управител | |

| | |
|---|---|
| **ПРЕТСТАВНИШТВО во АЛМАТИ** | АДИНГ АД Скопје - Претставништво во Алмати<br>Алмати, Казахстан, ул. Гајдара 52 стан 35 |
| Дејност | сите дејности согласно со предметот на делување на АДИНГ, а кои соодветствуваат на законите |
| Учество на АДИНГ АД | 100 % ; (неактивно) |
| Управител | Костовски Коста |

| | |
|---|---|
| **АДИНГ-БУГАРИЈА** | АДИНГ Бугарија" ЕООД<br>Софија, Р. Бугарија, реон Красно Sело, бул. Тотлебен 89 А, кат 2, стан 4 |
| Дејност | вршење дејности кои не се законски забранети |
| Учество на АДИНГ АД | 100 % |
| Управител | Филипоски Петре |



# ОРГАНИ НА УПРАВУВАЊЕ

Членови на УО

| рб | Име и Презиме | Функција | Датум на назначување | Број на акции | учество акции |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Благој Дончев | Претседател на УО - генерален директор | 23.05.2005 | 23.460 | 6,07 % |
| 2 | Петре Филипоски | Зам.претседател - зам. генерален директор | 23.05.2005 | 17.512 | 4,53 % |
| 3 | Зоран Петровски | Член на УО - Зам. генерален директор | 23.05.2005 | 30.752 | 7,96 % |
| 4 | Дончо Каратуков | член | 23.05.2005 | 3.840 | 0,99 % |
| 5 | Љубчо Каранфилов | член | 23.05.2005 | 4.520 | 1,17 % |
| ВКУПНО | | | | 80.084 | 20,73 % |

Членови на НО

| рб | Име и Презиме | Функција | Датум на назначување | Број на акции | учество акции |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Благој Мојсовски | Претседател | 28.04.2005 | 6.336 | 1,64 % |
| 2 | Боро Стојановски | Зам.претседател | 28.04.2005 | 6.980 | 1,81 % |
| 3 | Иван Николовски | Независен член | 28.04.2005 | 7.928 | 2,05 % |
| 4 | Александар Белев | Член | 28.04.2005 | 468 | 0,12 % |
| ВКУПНО | | | | 21.712 | 5,62 % |

# ПОДАТОЦИ ЗА КАПИТАЛОТ И АКЦИОНЕРИТЕ



ПОДАТОЦИ ЗА КАПИТАЛОТ И АКЦИОНЕРИТЕ

| | |
|---|---|
| Вкупен износ на основната главнина | **3.857.636 EUR** |
| Број на издадени акции | **386.400** |
| -обични акции | **386.400** |
| Номинална вредност на акциите | **9,983 EUR** |
| Број на акционери на крајот на годината | **352** |
| Број и процент на сопствени акции во основната главнина | **3.342 обични акции 0,86%** |
| Меѓународен идентификациски број на акциите издадени од АД-ИСИН број | **МКАДИН101010** |

Акционери со повеќе од 5 % учество во вкупниот број на акции

| рб | Име и презиме | Број на акции | учество акции |
|---|---|---|---|
| 1 | Зоран Петровски | 30.752 | 7,96 % |
| 2 | Љупчо Атанасовски | 30.684 | 7,94 % |
| 3 | Благој Дончев | 23.460 | 6,07 % |
| 4 | Биро Проект ДОО | 21.056 | 5,45 % |
| | ВКУПНО | 105.952 | 27,42 % |



## ФИНАНСИСКИ ПОДАТОЦИ

| | |
|---|---|
| Цена на акција | |
| - Максимална | 1.500 МКД |
| - Минимална | 451 МКД |
| Пазарна капитализација (последен ден 18/12/08) | 197.064.000 МКД<br>3.210.395 ЕУР |

* среден курс на НБРМ на 18.12.2008 е 61,3831 мкд

Исплатена дивиденда во претходните три години:

| Година | Апсолутен износ | % од номинала |
|---|---|---|
| 2007 | 20 МКД | 3,26 % |
| 2006 | 0 МКД | 0,00 % |
| 2005 | 0 МКД | 0,00 % |

# ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИТЕ РЕВИЗОРИ

Финансиски Извештаи и Извештај на Независните Ревизори

Адинг АД, Скопје

31 Декември 2008

Grant Thornton DOO
M.H.Jasmin 52 v - 1/7
1000 Skopje
Macedonia

T +389 (2) 3214 700
F +389 (2) 3214 710
www.grant-thornton.com.mk

## Извештај на Независните Ревизори

До Раководството и Акционерите на
Адинг АД, Скопје

Извршивме ревизија на придружните финансиски извештаи на Адинг АД, Скопје ("Друштвото"), составени од Билансот на состојба на ден 31 Декември 2008 година, и Билансот на успех, Извештајот за промените во капиталот, и Извештајот за паричните текови за годината што тогаш заврши, како и преглед на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки, вклучени на страните 3 до 29.

*Одговорност на Раководството за финансиските извештаи*

Раководството е одговорно за изготвување и објективно презентирање на овие финансиски извештаи согласно Меѓународните Стандарди за Финансиско Известување. Оваа одговорност вклучува: креирање, имплементирање и одржување на внатрешна контрола релевантна за изготвување и објективно презентирање на такви финансиски извештаи кои не содржат материјално значајни грешки како резултат на измама или грешка; избор и примена на соодветни сметководствени политики и донесување на разумни сметководствени проценки соодветни на околностите.

*Одговорност на ревизорот*

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на извршената ревизија. Ние ја извршивме ревизијата во согласност со Меѓународните Стандарди за Ревизија. Тие стандарди бараат наша усогласеност со етичките барања, како и тоа ревизијата да ја планираме и извршуваме на начин кој ќе ни овозможи да стекнеме разумно уверување дека финансиските извештаи не содржат материјално значајани грешки. Ревизијата вклучува спроведување на процедури со цел стекнување ревизорски докази за износите и објавувањата во финансиските извештаи. Избраните процедури зависат од проценката на ревизорот, и истите вклучуваат проценка на ризиците од постоење на материјално значајни грешки во финансиските извештаи, било поради измама или грешка.

Chartered Accountants
Macedonian member firm of Grant Thornton International Ltd

# ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИТЕ РЕВИЗОРИ



Grant Thornton

При овие проценки на ризиците ревизорот ја зема во предвид внатрешната контрола релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи на Друштвото со цел креирање на такви ревизорски процедури кои ќе бидат соодветни на околностите, но не и за потребата да изрази мислење за ефективноста на внатрешната контрола на Друштвото. Ревизијата, исто така вклучува и оценка на соодветноста на применетите сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на Раководството, како и оценка на севкупната презентација на финансиските извештаи.

Ние веруваме дека стекнатите ревизорски докази претставуваат задоволителна и соодветна основа за нашето ревизорско мислење.

*Мислење*

Наше мислење е дека финансиските извештаи на Друштвото, во сите материјални аспекти, ја претставуваат објективно неговата финансиска состојба на ден 31 Декември 2008 година, како и резултатот од неговото работење и паричните текови за годината што тогаш завршува, во согласност со Меѓународните Стандарди за Финансиско Известување.

**Grant Thornton**
Скопје,
02 Март 2009 година

Chartered Accountants
Macedonian member firm of Grant Thornton International Ltd

# БИЛАНС НА СОСТОЈБА

**Адинг АД, Скопје**

**Финансиски Извештаи**
**31 Декември 2007 година**

| | Бел. | 31 Декември 2008 000 МКД | 31 Декември 2007 000 МКД |
|---|---|---|---|
| **СРЕДСТВА** | | | |
| **Нетековни средства** | | | |
| Недвижности, постројки и опрема | 5 | 206,716 | 176,573 |
| Вложувања во неконсолидирани подружници | 7 | 32,377 | 31,279 |
| Финансиски средства расположливи за продажба | 7 | 214 | 214 |
| | | **239,307** | **208,066** |
| **Тековни средства** | | | |
| Залихи | 9 | 56,280 | 62,277 |
| Купувачи и останати краткорочни побарувања | 8 | 171,395 | 160,142 |
| Парични средства | 10 | 1,668 | 3,834 |
| | | **229,343** | **226,253** |
| Нетековни средства наменети за продажба | 11 | 4,544 | 1,986 |
| **Вкупно средства** | | **473,194** | **436,305** |
| **КАПИТАЛ И ОБВРСКИ** | | | |
| **Капитал** | 12 | | |
| Акционерска главнина | | 211,057 | 211,732 |
| Премии на емитирани акции | | (2,063) | (2,068) |
| Резерви | | 33,645 | 30,499 |
| Акумулирана добивка | | 31,633 | 20,970 |
| | | **274,272** | **261,133** |
| **Обврски** | | | |
| Нетековни обврски | | | |
| Позајмици | 13 | 76,475 | 48,433 |
| | | **76,475** | **48,433** |
| **Тековни обврски** | | | |
| Позајмици | 13 | 43,482 | 37,115 |
| Добавувачи и останати краткорочни обврски | 14 | 78,965 | 89,624 |
| | | **122,447** | **126,739** |
| **Вкупно обврски** | | **198,922** | **175,172** |
| **Вкупно капитал и обврски** | | **473,194** | **436,305** |

Овие финансиски извештаи се одобрени од Управниот Одбор на Друштвото на ден 28 Февруари 2009 година и се потпишани во негово име од:

Г-дин Благоја Дончев

Претседател на Управниот Одбор

Придружните Белешки се составен дел на финансиските извештаи



# БИЛАНС НА УСПЕХ

**Адинг АД, Скопје**

**Финансиски Извештаи**
**31 Декември 2008 година**

| | Бел. | Година што завршува на 31 Декември 2008 000 МКД | 2007 000 МКД |
|---|---|---|---|
| Продажба | 15 | 336,922 | 372,478 |
| Останати деловни приходи | 16 | 12,484 | 11,204 |
| Промена на залихите на готови производи и недоврш.п/во | | 2,338 | 2,149 |
| Материјали, услуги и набавна вредност на продадени стоки | 17 | (223,445) | (242,492) |
| Трошоци за вработените | 18 | (49,984) | (42,838) |
| Амортизација | 5 | (13,235) | (14,008) |
| Останати деловни трошоци | 19 | (22,378) | (54,104) |
| **Добивка од деловни активности** | | **42,702** | **32,389** |
| Финансиски приходи | | 6,592 | 2,610 |
| Финансиски (расходи) | | (22,495) | (7,055) |
| Нето финансиски (расходи) | 20 | (15,903) | (4,445) |
| **Добивка пред оданочување** | | **26,799** | **27,944** |
| Данок од добивката | 21 | (3,542) | (6,974) |
| **Добивка за годината** | | **23,257** | **20,970** |
| Добивка што им припаѓа на акционерите | | 23,257 | 20,970 |
| Заработувачка по акција - основна (МКД по акција) | 22 | 60.61 | 54.58 |

Придружните Белешки се составен дел на финансиските извештаи

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИТЕ ВО КАПИТАЛОТ

**Адинг АД, Скопје**

**Финансиски Извештаи**
**31 Декември 2008 година**

| | Акцион. Главнина 000 МКД | Премии 000 МКД | Резерви 000 МКД | Акумул. Добивка 000 МКД | Вкупно 000 МКД |
|---|---|---|---|---|---|
| **01 Јануари 2007** | **212,898** | **-** | **26,659** | **3,287** | **242,844** |
| Добивка за годината | - | - | - | 20,970 | 20,970 |
| Распоред на добивката | - | - | 3,287 | (3,287) | - |
| Откуп на сопствени акции | (1,166) | (2,068) | - | - | (3,234) |
| Други промени | - | - | 553 | - | 553 |
| **31 Декември 2007 година** | **211,732** | **(2,068)** | **30,499** | **20,970** | **261,133** |
| **01 Јануари 2008 година** | 211,732 | (2,068) | 30,499 | 20,970 | 261,133 |
| Добивка за годината | - | - | - | 23,257 | 23,257 |
| Распоред на добивката | - | - | 3,146 | (3,146) | - |
| Објавени дивиденди и надоместоци | - | - | - | (9,448) | (9,448) |
| Откуп на сопствени акции | (675) | 5 | - | - | (670) |
| **31 Декември 2008 година** | **211,057** | **(2,063)** | **33,645** | **31,633** | **274,272** |

Придружните Белешки се составен дел на финансиските извештаи



# ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИТЕ ТЕКОВИ

| | Бел. | Година што завршува на 31 Декември 2008 000 МКД | 2007 000 МКД |
|---|---|---|---|
| **Оперативни активности** | | | |
| Приливи од купувачи | | 319,279 | 360,926 |
| Исплати на добавувачи и вработени | | (290,445) | (344,950) |
| | | 28,834 | 15,976 |
| Платени камати | | (7,873) | (5,332) |
| Платен данок од добивка | | (5,703) | (965) |
| | | **15,258** | **9,679** |
| **Инвестициони активности** | | | |
| Набавка на недвижности и опрема | | (43,519) | (47,804) |
| Вложувања / прилив од продажба на вложувања | | (1,098) | (15,958) |
| Прилив од наплата на позајмици, нето | | 1,050 | 8,548 |
| Прилив по камати | | 248 | 623 |
| | | **(43,319)** | **(54,591)** |
| **Финансиски активности** | | | |
| Прилив по кредити, нето | | 28,269 | 39,103 |
| Откуп на сопствени акции | | (670) | (3,234) |
| Исплата на дивиденди | | (1,704) | (699) |
| | | **25,895** | **35,170** |
| **Нето промена на паричните средства** | | **(2,166)** | **(9,742)** |
| Парични средства на почетокот | 10 | 3,834 | 13,576 |
| **Парични средства на крајот** | **10** | **1,668** | **3,834** |



# КОНСОЛИДИРАН ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИТЕ РЕВИЗОРИ

Grant Thornton

Консолидирани Финансиски извештаи и Извештај на Независните ревизори

**Адинг АД, Скопје и подружници:**
**Бизнис Центар Адинг, дооел Скопје, РМ**
**Инвест А, дооел Скопје, РМ**
**Биро Проект, доо Скопје, РМ**
**Адинг Бугарија, еоод, Софија, Р.Бугарија**
**Адинг, доо Белград, Р.Србија**

31 декември 2008

Grant Thornton

**Grant Thornton DOO**
M.H.Jasmin 52 v - 1/7
1000 Skopje
Macedonia

T +389 (2) 3214 700
F +389 (2) 3214 710
www.grant-thornton.com.mk

# Извештај на Независните Ревизори

До Раководството и Акционерите на
Матичното друштво - Адинг АД, Скопје

Извршивме ревизија на придружните консолидирани финансиски извештаи на Друштвото Адинг АД, Скопје (Матичното друштво) и неговите подружници (во понатамошниот текст заедно како “Групата”), составени од Консолидираниот Биланс на состојба на ден 31 декември 2008 година, и Консолидираниот Биланс на успех, Консолидираниот Извештај за промените во капиталот, и Консолидираниот Извештај за паричните текови за годината што тогаш заврши, како и преглед на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки, вклучени на страниците 3 до 28.

***Одговорност на Раководството за консолидираните финансиски извештаи***

Раководството е одговорно за изготвување и објективно презентирање на овие консолидирани финансиски извештаи во согласност со сметководствените политики и принципи објаснети во Белешка 2. Оваа одговорност вклучува: креирање, имплементирање и одржување на внатрешна контрола релевантна за изготвување и објективно презентирање на такви финансиски извештаи кои не содржат материјално значајни грешки како резултат на измама или грешка; избор и примена на соодветни сметководствени политики и донесување на разумни сметководствени проценки соодветни на околностите.

Chartered Accountants
Macedonian member firm of Grant Thornton International Ltd



# КОНСОЛИДИРАН ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИТЕ РЕВИЗОРИ

Grant Thornton

*Одговорност на ревизорот*

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие консолидирани финансиски извештаи врз основа на извршената ревизија. Ние ја извршивме ревизијата во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија. Тие стандарди бараат наша усогласеност со етичките барања, како и тоа ревизијата да ја планираме и извршуваме на начин кој ќе ни овозможи да стекнеме разумно уверување дека финансиските извештаи не содржат материјално значајани грешки. Ревизијата вклучува спроведување на процедури со цел стекнување ревизорски докази за износите и објавувањата во консолидираните финансиски извештаи.

Избраните процедури зависат од проценката на ревизорот, и истите вклучуваат проценка на ризиците од постоење на материјално значајни грешки во консолидираните финансиски извештаи, било поради измама или грешка. При овие проценки на ризиците ревизорот ја зема предвид внатрешната контрола релевантна за подготвување и објективно презентирање на консолидираните финансиски извештаи на Групата со цел креирање на такви ревизорски процедури кои ќе бидат соодветни на околностите, но не и за потребата да изрази мислење за ефективноста на внатрешната контрола на Групата. Ревизијата, исто така вклучува и оценка на соодветноста на применетите сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на Раководството, како и оценка на севкупната презентација на консолидираните финансиски извештаи.

Ние веруваме дека стекнатите ревизорски докази претставуваат задоволителна и соодветна основа за нашето ревизорско мислење.

*Мислење*

Наше мислење е дека консолидираните финансиски извештаи на Групата, во сите материјални аспекти, ја претставуваат објективно неговата финансиска состојба на ден 31 декември 2008 година, како и резултатот од неговото работење и паричните текови за годината што тогаш завршува, во согласност со сметководствените политики и принципи објаснети во Белешка 2.

**Grant Thornton**
Скопје,
24 април 2009 година

Chartered Accountants
Macedonian member firm of Grant Thornton International Ltd

# КОНСОЛИДИРАН БИЛАНС НА СОСТОЈБА

Адинг АД, Скопје и подружници

**Консолидирани Финансиски извештаи**
**31 Декември 2008 година**

| | Бел. | 31 Декември 2008 000 МКД | 31 Декември 2007 000 МКД |
|---|---|---|---|
| **СРЕДСТВА** | | | |
| **Нетековни средства** | | | |
| Недвижности, постројки и опрема | 5 | 241,549 | 203,014 |
| Вложувања | 7 | | |
| - Вложувања во придружени друштва | 7.1 | 9,232 | 8,354 |
| - Финансиски средства расположливи за продажба | 7.2 | 11,208 | 11,208 |
| | | **261,989** | **222,576** |
| **Тековни средства** | | | |
| Залихи | 9 | 79,209 | 74,129 |
| Купувачи и останати краткорочни побарувања | 8 | 215,572 | 211,598 |
| Парични средства | 10 | 17,764 | 10,536 |
| | | **312,545** | **296,263** |
| Нетековни средства наменети за продажба | 11 | 4,544 | 1,986 |
| **Вкупно средства** | | **579,078** | **520,825** |
| **КАПИТАЛ И ОБВРСКИ** | | | |
| **Капитал** | 12 | | |
| Акционерска главнина | | 211,057 | 211,732 |
| Премии на емитирани акции | | (2,063) | (2,068) |
| Резерви | | 39,416 | 36,265 |
| Акумулирана добивка | | 74,715 | 52,036 |
| | | **323,125** | **297,965** |
| Малцинско учество | | 9,920 | 9,793 |
| **Вкупно капитал** | | **333,045** | **307,758** |
| **Обврски** | | | |
| **Нетековни обврски** | | | |
| Позајмици | 13.1 | 80,351 | 48,433 |
| | | **80,351** | **48,433** |
| **Тековни обврски** | | | |
| Позајмици | 13.2 | 49,458 | 42,817 |
| Добавувачи и останати краткорочни обврски | 14 | 116,224 | 121,817 |
| | | **165,682** | **164,634** |
| **Вкупно обврски** | | **246,033** | **213,067** |
| **Вкупно капитал и обврски** | | **579,078** | **520,825** |

Овие финансиски извештаи се одобрени од Управниот одбор на Матичното друштво на ден 23 април 2009 година и се потпишани во негово име од:

Г-дин Благоја Дончев,
Претседател на Управниот одбор

Придружните Белешки се составен дел на финансиските извештаи



# КОНСОЛИДИРАН БИЛАНС НА УСПЕХ

Адинг АД, Скопје и подружници

**Консолидирани Финансиски извештаи**
**31 Декември 2008 година**

| | Бел. | Година што завршува на 31 Декември 2008 000 МКД | 2007 000 МКД |
|---|---|---|---|
| Продажба | 15 | 399,873 | 384,212 |
| Останати деловни приходи | 16 | 20,606 | 13,516 |
| Промена на залихите на готови производи и недоврш.п/во | | 116,098 | 114,163 |
| Материјали, услуги и набавна вредност на продадени стоки | 17 | (358,570) | (331,809) |
| Трошоци за вработените | 18 | (78,460) | (70,638) |
| Амортизација | 5 | (15,374) | (15,881) |
| Останати деловни трошоци | 19 | (32,749) | (63,634) |
| **Добивка од деловни активности** | | **51,424** | **29,929** |
| Финансиски приходи | 20 | 7,332 | 2,727 |
| Финансиски (расходи) | 20 | (25,791) | (7,359) |
| Финансиски (расходи), нето | | (18,459) | (4,632) |
| Учество во добивката на придружените друштва | 7.1 | 878 | 1,553 |
| **Добивка пред оданочување** | | **33,843** | **26,850** |
| Данок од добивката | 21 | (4,635) | (8,075) |
| **Добивка за годината** | | **29,208** | **18,775** |
| Добивка што им припаѓа на акционерите на Групата | | 29,081 | 18,741 |
| Малцинско учество во добивката | | 127 | 34 |
| | | **29,208** | **18,775** |
| Заработувачка по акција за акционерите на Групата | | | |
| - Основна (МКД по акција) | 22 | 75.79 | 48.78 |

**Придружните Белешки се составен дел на финансиските извештаи**

# КОНСОЛИДИРАН ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИТЕ ВО КАПИТАЛОТ



Адинг АД, Скопје и подружници

**Консолидирани Финансиски извештаи**
**31 Декември 2008 година**

| | Расположливо на акционерите на Групата | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Акцион. Главнина 000 МКД | Премии 000 МКД | Резерви 000 МКД | Акумул. Добивка 000 МКД | Вкупно 000 МКД | Малц. учество 000 МКД | Вкупно 000 МКД |
| **1 јануари 2007 година** | **212,898** | **-** | **32,801** | **35,351** | **281,050** | **11,392** | **292,442** |
| Добивка за годината | - | - | - | 18,741 | 18,741 | 34 | 18,775 |
| Распоред на добивката | | | 3,428 | (3,428) | - | - | - |
| Откуп на сопствени акции | (1,166) | (2,068) | - | - | (3,234) | - | (3,234) |
| Промена во малцинското учество | - | - | - | 1,633 | 1,633 | (1,633) | - |
| Други промени | | | 36 | (261) | (225) | - | (225) |
| **31 декември 2007 година** | **211,732** | **(2,068)** | **36,265** | **52,036** | **297,965** | **9,793** | **307,758** |
| **1 јануари 2008 година** | **211,732** | **(2,068)** | **36,265** | **52,036** | **297,965** | **9,793** | **307,758** |
| Добивка за годината | - | - | - | 29,081 | 29,081 | 127 | 29,208 |
| Распоред на добивката | | | 3,151 | (3,151) | - | - | - |
| Откуп на сопствени акции | (675) | 5 | - | - | (670) | - | (670) |
| Објавена дивиденда и надоместоци по менаџерски договори | - | - | - | (9,607) | (9,607) | - | (9,607) |
| Ефект од елимин.на подружница | - | - | - | 6,356 | 6,356 | - | 6,356 |
| **31 декември 2008 година** | **211,057** | **(2,063)** | **39,416** | **74,715** | **323,125** | **9,920** | **333,045** |

Придружните Белешки се составен дел на финансиските извештаи



# КОНСОЛИДИРАН ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИТЕ ТЕКОВИ

| | Бел. | Година што завршува на 31 Декември 2008 000 МКД | 2007 000 МКД |
|---|---|---|---|
| **Оперативни активности** | | | |
| Добивка пред оданочување | | 33,843 | 26,850 |
| Коригирано за: | | | |
| Нето расходи од финансирање | | 18,459 | 4,632 |
| Учество во добивката на придружените друштва | | (878) | (1,553) |
| Расход од оштетување | | 1,673 | 15,459 |
| Неотпишана вредност на материјални средства | | 2,882 | 510 |
| | | 55,979 | 45,898 |
| Промени во оперативните средства и обврски | | | |
| Купувачи и останати побарувања | | (936) | 20,890 |
| Залихи и средства наменети за продажба | | (5,080) | (19,145) |
| Добавувачи и останати обврски | | (7,635) | (14,792) |
| Промени во капиталот | | 6,356 | (225) |
| | | 48,684 | 32,626 |
| Платени камати | | (8,274) | (5,880) |
| Платен данок од добивка | | (4,635) | (8,075) |
| | | **35,775** | **18,671** |
| **Инвестициони активности** | | | |
| Набавка на материјални средства | | (56,843) | (62,260) |
| Прилив од продажба на материјални средства | | 332 | 1,226 |
| Прилив по камати | | 421 | 736 |
| | | **(56,090)** | **(60,298)** |
| **Финансиски активности** | | | |
| Прилив по кредити, нето | | 30,190 | 41,823 |
| Откуп на сопствени акции | | (670) | (3,234) |
| Исплата на дивиденди | | (1,977) | (7,614) |
| | | **27,543** | **30,975** |
| **Нето промена на паричните средства** | | **7,228** | **(10,652)** |
| Парични средства на почетокот | 10 | 10,536 | 21,188 |
| **Парични средства на крајот** | 10 | **17,764** | **10,536** |



# ПОКАЗАТЕЛИ НА ПРОФИТАБИЛНОСТ




| | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| POE | 10,24 | 0,18 | 1,59 | 7,93 | 8,36 |
| POA | 5,60 | 0,10 | 0,96 | 4,77 | 4,87 |

# ПРОИЗВОДСТВО НАТУРАЛНО





# ПРОДАЖБА НА ГОТОВ ПРОИЗВОД



# СТРУКТУРА НА ИЗВОЗОТ





# РЕАЛИЗИРАНА ПРОДАЖБА ВО 2008








# ПЛАНИРАНА ПРОДАЖБА ЗА 2009



# СЕРТИФИКАТ ISO-9001:2000



Certificate HU03/0070

The management system of

## ADING AD

Novoselski pat bb
1000 Skopje
Macedonia

has been assessed and certified as meeting the requirements of

## ISO 9001:2000

For the following activities

**Purchasing, production, control, development, servicing, engineering and sale of: concrete and mortar admixtures, waterproofing and thermal insulation materials, construction and industrial adhesives and smoothing compounds, repairings, industrial floorings, fire protection of steel constructions and electric cables, joint sealant (rigid and elastic), chemically resistant coatings and compounds.**

This certificate is valid from 13 May 2006 until 12 May 2009
Issue 4. Date of issue 21 August 2006
Certified since 26 May 1998

Authorised by

P. Earl

SGS United Kingdom Ltd. Systems & Services Certification
Rossmore Business Park Ellesmere Port Cheshire CH65 3 EN UK
t +44(0) 151350-6666 f +44(0) 151350-6600 www.sgs.com

Page 1 of 1

UKAS QUALITY MANAGEMENT 005

# СЕРТИФИКАТ ISO-14001:2004





Certificate HU06/67618

The management system of

**ADING AD**

Novoselski pat bb
1000 Skopje
Macedonia

has been assessed and certified as meeting the requirements of

**ISO 14001:2004**

For the following activities

**Purchasing, production, control, development, servicing, engineering and sale of: concrete and mortar admixtures, waterproofing and thermal insulation materials, construction and industrial adhesives and smoothing compounds, repairs, industrial floorings, fire protection of steel constructions and electric cables, joint sealant (rigid and elastic), chemically resistant coatings and compounds.**

This certificate is valid from 15 March 2009 until 14 March 2012 and remains valid subject to satisfactory surveillance audits.
Re certification audit due before 19 December 2011
Issue 3. Certified since 15 March 2006

Authorised by

SGS United Kingdom Ltd Systems & Services Certification
Rossmore Business Park Ellesmere Port Cheshire CH65 3EN UK
t +44 (0)151 350-6666 f +44 (0)151 350-6600 www.sgs.com

SGS EMS 04 0105

Page 1 of 1

# КОРПОРАТИВНА ОПШТЕСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ


Corporate Social Responsibility

Certificate

Corporate Social Responsibility Award
South East Europe

2007

We award

Ading AD

with the

2nd prize

and express our most sincere gratitude for the outstanding social commitment.

Gabriele Eilsberger

Beti Delovska

design БИРПРОЕКТ

may 2009